

# МИЛА КОРУНОВСКА

кандидат за претседател

Студентка во 3та година на катедрата за Преведување и толкување со огромна желба да учествува во подобрувањето на академскиот и студентскиот живот на нашиот факултет.

## Образование

Гимназија „Св. Климент Охридски“
*Охрид*
**2017 - 2021**

Филолошки факултет „Блаже Конески“
УКИМ
**2021 -**

## Работно искуство

Наставник по англиски јазик во приватно училиште
**2022 - 2023**

## Студентско искуство

**Член на Факултетското студентско собрание** — **фев 2023 - јан 2024**

Одговорна за водење и пишување содржини за социјалните медиуми, дел од организациски тим за настани (поетски читања, филмски клуб, хуманитарни акции).

**Делегат на Универзитетско студентско собрание** — **јан 2023 - јуни 2023**

Учесник во колаборативни културни настани меѓу УСС и ФСС на Филолошкиот факултет.

**Делегат на Универзитетско студентско собрание** — **окт 2023 -**

Член на комисија за дигитализација, член на комисија за студентски стандард, одговорна за пишување содржини и дел од организациски тим за културни настани.

**Учесник на Advanced Training "Stronger Students' Union" (Форум за образовни промени FECH)** — **окт 2023 - ное 2023**

## Контакт


**Email**
milakorunovska@gmail.com

**Instagram**
@naj.mila

# ПРОГРАМА 2024-2025

**Како кандидатка за претседател на Факултетското студентско собрание ја предлагам следнава програма, која се разбира дека ќе биде доработена и дополнета со остатокот на членовите на ФСС.**

## Студентски стандард

- Апел за избирање на заменик-правобранител кој ќе ги застапува студентите на филолошкиот факултет;
- Систем за воочување и наградување на студентите со постигнат особено висок успех секоја академска година;
- Проширена соработка со останатите Факултетски студентски собранија, особено од општествениот кампус, со цел да се организираат заеднички активности кои би опфатиле повеќе студенти;
- Соработка со Карирерниот центар при УКИМ за нови можности за пракса и работно искуство на студентите;

## Култура и забава

- Продолжување со редовни проекции на филмови во рамките на филмскиот клуб;
- Одржување на поетско читање еднаш во семестар;
- Започнување на Клуб за читатели на книги;
- Отворени предавања и работилници за актуелни и интересни теми од стручниот кадар на факултетот;
- Соработка со останатите студенти за реализирање на нивни идеи за настани;


**Контакт**

**Email**
milakorunovska@gmail.com

**Instagram**
@naj.mila

# ПРОГРАМА 2024-2025

## Студентски права

- Покрај постоењето на заменик-правобранителот за Филолошкиот факултет и студентскиот правобранител за УКИМ,  целиот состав на ФСС ќе биде отворен да слушне и да се ангажира за решавање на какви било неправди со кои се соочуваат нашите студенти;
- Апел за подобрена комуникација меѓу студентската служба, архивата и деканатот со студентите во врска со нивните секојдневни потешкотии во рамките на факултетот;
- Студентите-членови на Научно наставниот совет, кои според статут се 10 членови на ФСС, редовно ќе се информираат од другите студенти за проблеми и ставки кои би сакале да се изнесени на ННС состаноците.

## ФСС

- Промена на статутот за факултетско студентско собрание со цел членовите да се избираат според катедра, а не според година како што е досега, односно да има претставници процентуално од секоја катедра колку што има активни студенти истата;
- Техничко опремување на канцеларијата на ФСС со цел севкупно подобрена работа, во соработка со Универзитетското студентско собрание;
- Поделба на собранието во разни комисии (пример: комисија за култура, комисија за студентски стандард итн.) со цел да се поедностави, но и подобри неговата работа.


**Контакт**

**Email**
milakorunovska@gmail.com

**Instagram**
@naj.mila

# ПРОГРАМА 2024-2025

**Студентски живот**

- Соработка со останатите претседатели на ФСС од општествениот кампус со иницијатива за додавање повеќе избори за здрав, готвен оброк во бифеата на факултетите;
- Дискусии со деканатот за подобрување на хигиената во тоалетите, имено честиот недостатокот на сапун и хартија;
- Апел за поставување на повеќе канти за отпад низ целиот факултет, како и дворот;
- Изработка на јасни и концизни упатства за разни студентски обврски кои би го олесналe процесот на извршување на истите, како и да се намали потребата на барање објаснувања од студентската служба во периоди на нивна зголемена работа, со цел студентите да се поинформирани (пример: аплицирање за студентска стипендија и субвенциониран студентски оброк, упис на испити, аплицирање за студентска работа во странство, упис на семестар за нови студенти, итн.)
- Општо подобрен систем на ширење информации и новости за студентите преку нашите социјални медиуми и no-reply мејлови, за разлика од само поставување информации на веб-страницата на факултетот.

**Контакт**

**Email**
milakorunovska@gmail.com

**Instagram**
@naj.mila